# ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.51 од 13.04.2011 година**

## Член 1

(1) Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи.
(2) Државната комисија е надлежна да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди.
(3) Во постапката за решавање по жалби Државната комисија ќе ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.
(4) Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа , организации утврдени со закон и други државни органи се утврдува со посебните закони.

## Член 2

(1) Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице.
(2) Државната комисија има стручна служба. На вработените во стручната служба ќе се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.
(3) Државната комисија се финансира од Буџетот на Република Македонија.

## Член 3

(1) Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално.
(2) Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.
(3) Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на повторен избор.
(4) За претседател на Државната комисија се именува лице кое е државјанин на Република Македонија, дипломиран правник и има најмалку шест години работно искуство на управни работи.
(5) За член на Државната комисија се именува лице кое е државјанин на Република Македонија, има завршено високо образование и има најмалку четири години работно искуство на управни работи.
(6) Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик претседател.

(7) Претседателот и членовите на Државната комисија не можат да бидат членови во органи и тела кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија или Владата на Република Македонија.

**Член 4**

(1) Собранието на Република Македонија го разрешува претседателот или член на Државната комисија пред истекот на мандатот, ако:
- тоа сам го побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Македонија,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,
- ги исполни условите за старосна пензија,
- врши работи кои се неспојливи со функцијата член или претседател на Државната комисија или
- настапи смрт на претседателот или членот.

(2) Предлог за разрешување на претседателот и член на Државната комисија може да поднесе и Владата на Република Македонија.
(3) За постоењето на причини за разрешување на претседателот или член на Државната комисија пред истекот на мандатот, претседателот (или заменикот во случај на разрешување на претседателот) е должен да го извести Собранието на Република Македонија .
(4) Собранието на Република Македонија започнува постапка за утврдување на предлог за именување на претседател и членови на Државната комисија најмалку три месеци пред истекот на нивниот мандат. Постапката за именување треба да заврши најмалку 30 дена пред редовниот истек на мандатот на претседателот и членовите.

**Член 5**

Со деловник се уредува начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија.

**Член 6**

(1) Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.
(2) На барање на Собранието на Република Македонија Државната комисија е должна да поднесе извештај и за период пократок од една година.
(3) Годишниот извештај особено содржи:
- број на примени предмети,
- број на решени предмети (отфрлени,одбиени и прифатени жалби),
- број на нерешени предмети,
- број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и
- статистичка анализа на постапките на правна заштита.

**Член 7**

Се забранува секој облик на влијание врз донесувањето на одлуките на Државната комисија, а особено секоја злоупотреба на јавните овластувања, заради влијаење на текот и исходот на постапката.

**Член 8**

(1) По жалбените предмети Државната комисија одлучува на седница со мнозинство од вкупниот број членови.

(2) Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку пет члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик.
(3) Член на Државната комисија не може да биде воздржан при гласање.
(4) Седниците на Државната комисија не се јавни.
(5) За постапката за советување и гласање се води посебен записник. Записникот го потпишуваат сите присутни членови на Државната комисија и записничарот.
(6) Државната комисија одлучува во рок од два месеца од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок.
(7) Кога Државната комисија постапува по изјавена жалба против решение кое еднаш било поништено и вратено на повторно решавање, постапувајќи по жалбата, Државната комисија сама ќе го реши предметот.
(8) Доколку Државната комисија не донесе решение во рокот од ставот (6) на овој член, подносителот на жалбата може да го извести државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.
(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во Државната комисија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го известува подносителот на жалбата.
(10) Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое ги задолжува претседателот и членовите на Државната комисија во рок од десет дена да одлучат по поднесената жалба и да го известат инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучиле по поднесената жалба.
(11) Доколку, претседателот и членовите на Државната комисија не одлучат во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција против претседателот и членовите на Државната комисија и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој претседателот и членовите на Државната комисија ќе одлучат по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го известат инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој претседателот и членовите на Државната комисија одлучиле по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на жалбата.
(12) Доколку претседателот и членовите на Државната комисија не одлучат и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го извести подносителот на жалбата .
(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (9) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.
(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на жалбата согласно со ставовите (9) и (10) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (11) и (12) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши

надзор во Државната комисија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на жалбата.
(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го извести подносителот на жалбата.
(16) Во случајот од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(17) Во случајот од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го известува подносителот на жалбата.
(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) од овој член, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(19) Доколку претседателот и членовите на Државната комисија не одлучат во рокот од ставот (12) на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред надлежниот суд.
(20) Постапката пред Управниот суд е итна."

**Член 9**

При решавање по жалбите Државната комисија води записник.
Записникот треба да содржи битни податоци за преземените дејствија, односно одлуките донесени на расправата.
Записникот го потпишува претседателот, присутните членови и записничарот и е составен дел на предметот.

**Член 10**

Против решението на Државната комисија за работите од членот 1 став 1 на овој закон може да се покрене управен спор пред судот надлежен за водење на управни спорови.
Против решението на Државната комисија за работите од членот 1 став 2 на овој закон може со тужба да се покрене спор пред надлежен суд.

**Член 11**

Започнатите постапки и постапките кои ќе започнат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи до започнувањето на примената на овој закон ќе се завршат од страна на комисиите во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Решавањето на предметите започнати пред влегувањето во сила на овој закон по кои е поведен управен спор ќе продолжи согласно со одредбите на овој закон.
Законите со кои е утврдено правото на жалба пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи ќе се усогласат со одредбите на овој закон до денот на започнувањето со примена на овој закон.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по шест месеци од денот на неговото влегување во сила.